**Податоци согласно член 344 ст. 3 од Законот за трговските друштва за кандидатите за членови на Одборот на директори, номинирани од Одборот на директори**

1. Дионисиос Роутсис, актуелен вршител на должноста член на Одборот на директори на ОКТА, и Претседател на Одборот на ОКТА во периодот Декември 2019-Јули 2023. Маж, 69 годишна возраст, Хемиски инженер од National Technical University of Athens, со речиси 40 годишно работно искуство во нафтената индустрија, поранешен директор на Рафинеријата во Hellenic Petroleum SA Greece. Бил носител на поважни функции во друштва како Petrola Hellas SA Refinery Greece, Petromin Petrola Rabigh Refinery Saudi Arabia и Hellenic Petroleum SA Greece, во кои бил носител на позиција во управувачките органи. Во моментот е Генерален Директор на VARDAX SA од Солун.

2. Димитриос Пасхос, актуелен вршител на должноста извршен член на ОД и Главен извршен директор на ОКТА. Ја извршуваше функцијата Директор за финансии и администрација на ОКТА во периодот јуни 2019-јули 2023 година. Маж, 48 години, магистер по меѓународни финансии. Има вршено голем број високи раководни функции, а особено функцијата Финансиски директор на ТЕЛЕКОМ Албанија, дел од групацијата Дојче Телеком, а претходно Финансиски директор на ГЕРМАНОС Телеком Романија.

3. Тхеодора Петроула, актуелен вршител на должноста неизвршен и независен член на ОД на ОКТА. Жена, 55 години, правник-магистер по европско право и магистер по поморско, воздухопловно и вселенско право. Поранешна вработена во грчкото Министерство за финансии, како специјалист по европско право во Одделот за индиректни даноци, со примарен фокус на ДДВ и усогласување на Директивата за ДДВ во Грција, таа моментално ја извршува функцијата Шеф на канцеларијата на Генералниот секретар на Грчкиот Парламент.